# *НЕОБИЧНИ СЛИКИ*

## *УРОШ ТОШКОВИЌ*



*МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ*
*МАЈ, 1996*



*Урош Тошковиќ е редок гостин во изложбените простори. Затоа, секоја изложба, секоја средба со неговите дела е настан - доживување. Одбрал некој вид прогонство, осаменост која го чува, храни и напојува со самодоволни визии, го оддалечува од брзите промени и наглите скокови, го штити неговиот интегритет - личниот и уметничкиот; ги задржува неговите вечни преокупации и мори, истата "црна боја на коротата и смртта" (П. Голубовиќ) и "мрачното смеење" (М. Главуртиќ), чувството за болка, трагика, бруталност и дијаболичност, призрак и очајување, аветинско изронување од темнината на просторот отповарен со војната. Сите секавања на Тошковиќ се потпираат на детството - "се храни со сопствената крв", и не ги потиснува со нови и различни видувања на светот. Во таа смисла, тој ја поистоветува својата работа со својот живот, особено со првите доживувања низ кои ги проникнува и сите преостанати искуства. И кога можеа да се сторат благонаклонети, тој такви не сакаше да ги види. Остана приврзан кон идеите што во педесеттите години се спротивставија на модернистички распеаното отворање, остана близок на основните постулати на Медиалата во трагањето кон големите Вистини и вечните Содржини. Од друга страна, преку ревносните истражувања го поистовети технолошкото мајсторство со својата визија, својата опсесија: тешко е да се замисли поинаква колористичка гама, освен мрачните тонови на темнината од кои изронуваат силуетите на неговите ликови. Па сепак, Тошковиќ повремено, а сега сé почесто и посмело ги внесува колористичките елементи, но наместо да ги ублажат неговите претстави, тие уште повеќе го продлабочуваат јазот меѓу осветлената позадина и фантазмагоричните суштества. Расте апсурдноста на приказот и експресивноста на целината. А тој повремен проток на обоено премачкување, всушност е единственото видливо поместување кое Урош Тошковиќ си го допушта себеси: неговата храброст е во доследноста и почитувањето на сопствените пулсирања кои, пренесени на хартија, со својот автентичен звук стануваат универзални симболи на едно трагично време, за кое веруваме дека нема да биде и некое идно време.*

***Ирина Суботиќ***
*(Од каталогот "Необични слики" - Урош Тошковиќ, "Радионица душе", Белград)*

*ТОШКОВИЌ ВО ЦАРСТВОТО НА ХАОСОТ*

*Постои ли уметник којшто е поповикан од Урош Тошковиќ да кореспондира со вака трагични времиња? Под услов правилно да го сфатиме врзувањето за сегашноста. Не само заради тоа што Тошковиќ не престанал да нé опоменува дека злото е насекаде - во нас и околу нас, дека е лесно да се насети, а тешко да се спречи кога е во доминација. Не само заради претчувствата дека векот во кој живееме и духот на времето на овој век, владеењето и царството на хаосот поточно, туку уште повеќе и заради пораката и силата со кои зрачат неговите цртежи. Како никој друг, тој чувствува ужас, бруталност, демонски намери, одмазда, посакување, зло, но истовремено и*

*немоќ, страв, духовитост, па дури и нежност. Му се потсмева на човекот и го сожалува во сите негови слабости пред силните искушенија.*

*Мајсторски го претвора грдото, деформираното, монструозното во естетска категорија и сосема сигурно воспоставува забележителен ликовен говор. Понекогаш тоа е крик, а понекогаш звук од уедначени тонови. Но, никогаш не е невешто пелтечење. Нему му е важен конкретниот чин на творењето. Во тие моменти е целосно свој. Сé освен тоа е неподносливо согласување на обичност. Не го интересира што се случува понатаму со неговото дело. Испровоциран со белината на подлогата, било тоа да е обична или квалитетна хартија, било да е платно, картон или какво било парче теписон, тој црта и слика нестрпливо, скоро несвесно, но прецизно до лудило, во транс, еден монструозен и истовремено волшебен свет. Убавината како идеал свесно, е жртвувана на грдотијата како вистина. Што би било опсесија на еден нихилист, ако не бесмисленоста на човековата егзистенција? "Човекот на неговите цртежи е згазен. Но не уништен" истакнува Живоин Павловиќ. Доследен на своето уверување дека човекот во суштина е деструктивно суштество, Урош Тошковиќ упорно ја оспорува добрината и моќта на свеста. Главно се занимава со човекот уништувач. Но, приврзан кон својот силен инстинкт да се оттргне од каков било тек на нештата во животот и уметноста, тој останува прогонет по свој избор, но и извонреден цртач според божјиот талент. Познато е дека кај Тошковиќ постои вроден отпор кон галериите и изложбите. Оттаму секој обид во таа смисла е ризик - но и придонес. Се надеваме, секоја изложба е доживување.*

***Борка Божовиќ***

*(Од каталогот "Необични слики" - Урош Тошковиќ, "Радионица душе", Белград)*





*... "Делата на Тошковиќ главно се цртежи, а ретко слики. Во неговиот случај тоа е единствениот и можен начин на изразување. Во историјата на сликарството тоа е поврзано за суштество со поголеми психолошки проблеми какви што имале и Вилијам Блејк, Алфред Кубин или Ханс Белмер.*

*Цртежите на Тошковиќ за првпат ги видов изложени во една просторија на Ликовната академија во Белград, можеби во далечната 1957 година. Светот што го сликаше, главно актови и портрети, беа работени со молив или креда, со класично сенчење, прецизни до лудило, но потполно изместени и огрдени. Тоа беше спој на убавината на изработката со еден монструозен свет. Дали во тоа време Тошковиќ ги познаваше своите далечни роднини од историјата на сликарството: Одилон Редон, Егон Шиле, Вилијам Блејк, Фелисиен Ропс, Алфред Кубин? Можеби, затоа што нашата Академија имаше скоро сé од Историјата на сликарството. Ако Тошковиќ сето тоа го видел, на тоа можел само да придодаде дополнителна енергија.*

*Делата на Тошковиќ, главно трудови на хартија, се расеани по светот. Од Херцег Нови, Титоград, Белград, Париз, Рим, дури и во мојата улица во Париз (Val de Grce) живее еден сликар (Граталу), којшто ги поседува големите цртежи на Тошковиќ, што тој ги работеше додека се шеткаше по Француската академија на брегот на Сена. Би било неопходно да постои еден Макс Брод, тој што го собра и издаде Кафка, па врз делото на Тошковиќ да се изврши попис и да се собере во едно дело - целина. Доколку таква личност или установа не се појави, ова дело ќе исчезне во вителот на историјата, како што можеби исчезнаа делата на некои проклетници за коишто никој не се потруди нешто да стори, како што би бил збришан и спален и Кафка, доколку не би бил Макс Брод...."*

***Љуба Поповиќ**, 1994*
*(Од каталогот "Урош Тошковиќ - избор од опусот", Модерна Галерија - Ваљево)*



*САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ*

| | |
|---|---|
| *1957* | ***Нови Сад**, зграда на Општината* |
| *1960* | ***Париз,** Maison des Arts* |
| | ***Титоград**, Уметнички павилјон* |
| *1978* | ***Белград**, Студентски културен центар, Студентски град* |
| *1979* | ***Загреб**, Дом на Југословенската народна армија* |
| *1980* | ***Котор,** Галерија при Културниот центар* |
| | ***Никшиќ**, Галерија при Културниот центар* |
| | ***Херцег Нови,** Галерија при Културниот центар* |
| *1982* | ***Титоград**, Модерна галерија* |
| *1990* | ***Белград,** Ликовна галерија при Културниот центар* |
| *1994* | ***Ваљево**, Модерна галерија* |
| *1995* | ***Белград**, Галерија ХАОС* |
| *1996* | ***Скопје,** Музеј на град Скопје* |

***УРОШ ТОШКОВИЌ** е роден 1932 година во Братоножиќи, Црна Гора. Академијата за ликовни уметности ја завршил 1956 година во Белград, во класата на проф. Марко Челебоновиќ. Од 1956 до 1976 живеел и работел во Париз. Од 1976 живее и работи во Белград.*



*Сите слики се сопственост на Момчило Тодоровиќ Моша*

[redacted]

*Организација:* ***Музеј на град Скопје, "Радионица душе", Белград, "Галерија Оливер", Скопје;***
*Одговорен уредник:* ***Климе Коробар;*** *Дизајн и припрема на каталогот:* ***Зафировска Фросина,***
*Превод на текстовите:* ***Здравко Стаматовски;*** *Скенирање:* ***Скенпоинт;*** *Печати:* ***Догер,***
*Реализација:* ***мај 1996***




**МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ**

RADIONICA DUŠE

GALERIJA
OLIVER